ГЕВГЕЛИЈА

**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) и член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 год.) и Заклучокот за завршени Претседателски избори 2019 година на Република Северна Македонија, бр.08-1770/1 од 11.5.2019 година, донесен од Претседателот на Државната изборна комисија на Република Северна Македонија, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за продолжување на започнатата постапка за унапредување на административни службеници, по Интерен оглас 01/2019**

1. Постапката за унапредување на административни службеници во општинската администрација на општина Гевгелија, по Интерен оглас 01/2019, објавен на ден 7.2.2019 година, продолжува согласно Заклучокот за завршени Претседателски избори 2019 година, број 08-1770/1 од 11.5.2019 година, донесен од Претседателот на Државната изборна комисија на Република Северна Македонија.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Според член 8-а од Изборниот законик, постапката за унапредување на административни службеници во општинската администрација на општина Гевгелија, по Интерен оглас 01/2019 беше ставена во мирување сè до завршување на Претседателските избори, со Решение број 08-292/3 од 11.2.2019 година, донесено од Градоначалникот на општина Гевгелија.

Согласно горенаведеното, а имајќи го предвид Заклучокот за завршени Претседателски избори 2019 година, бр.08-1770/1 од 11.5.2019 година, донесен од Претседателот на Државната изборна комисија и објавен на нивната веб страна, Градоначалникот на општина Гевгелија одлучи како во диспозитивот.

Изработил, Весна Хаџикојчева

Бр.08- 292/4
21. 5. 2019 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*М-р Сашо Поцков*